СМРТ НА ФАШИЗМОТ — СЛОБОДА НА НАРОДОТ ПОШТАРИНАТА Е ПЛАТЕНА ВО ГОТОВО

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 17 | Скопје, 23 април 1947 год. | Год. III

»Службен весник на НРМ« излегува повремено. Ракописите се испраќаат во дупликат пишани на машина во проред на една страна од табакот, на адреса: Службен весник за НРМ —ул. Маршал Тито бр. 10 — Скопје Ракописите не се враќаат

Цена на весникот е 4 дин. од табак. Преплата за една година 250 динари а за едно полугодие 130 динари — Претплата се испраќа преку Македонска стопанска банка—централа на Народна банка на ФНРЈ — Скопје — чек. сметка 8-801-129 или се внеса во самата администрација на весникот

141

На основа член 73 точка 4 од Уставот на Народна Република Македонија, а во врска со член 6 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НР Македонија, Претседателството на Президиумот на Народното собрание на Н. Р Македонија донесуе:

### УКАЗ

за прогласуење на Финансовиот закон за Државниот буџет на Народна Република Македонија за буџетска 1947 г. изгласан од Народното собрание на Н. Р. Македонија на 11 април 1947 година, кој што гласи:

# Финансов закон

## ЗА ДРЖАВНИОТ БУЏЕТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА БУЏЕТСКА 1947 ГОДИНА

### Чл. 1

Државниот буџет на Народна Република Македонија за 1947 година изнесува вкупно:

расходи — — — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 2,033,000,000.—

приходи — — — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 1,857.790,000.—

вишок на расходите — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 175.210.000.—

кој ке се покрие со дотација од Сојузниот буџет.

### Чл. 2

Државниот буџет на Народна Република Македонија се состои од

а — републиканскиот буџет

со расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — Дин. 1.498·912 371.—

со приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — Дин. 497,753.659.—

и вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — Дин. 138.876.030.—

б— буџетите на град Скопје, градските народни одбори и околиите со вкупен износ:

расходи — — — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 534.087 629.—

приходи — — — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 497,753 659.—

и вишок на расходите — — — — — — — — — — — — — — Дин. 36,333 970.—

Буџетите на град Скопје, градските народни одбори и околиите изнесуат одделно:

1· — Град Скопје:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 90,000,000.—

приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 90.000.000.—

2. — Градски народен одбор — Битола:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 32,332.000.—

приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 32.332.000.—

3. — Градски народен одбор — Титов Велес:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 12,863.000.—

приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 12,863.000.—

4. — Градски народен одбор — Охрид:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 11,576.000.—

приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 9,443 900.—

вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — Дин. 2,132,100.—

5. — Градски народен одбор — Охрид:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 16,872.000.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 16,872.000.—

6. — Градски народен одбор — Струмица:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 17,706,000.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 15,737.700.—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — Дин. 1,968·300.—

7. — Градски народен одбор — Тетово:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 12,706.000.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 12,706.000.—

8. — Градски народен одбор — Титов Велес:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 11,869.000·—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 11,869.000·—

9. — Градски народен одбор — Штип:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 8,314,000.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 8,314,000.—

10. — Околија — Берово:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 5,038,280·—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 5,038,280·—

11. — Околија — Битола:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 23,486.850.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 22,486.850·—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — Дин. 1,000.000.—

12. — Околија — Брод:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 8,700.830·—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 4,196,000.—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — Дин. 4,504,830·—

13. — Околија — Гостивар:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 17,050.030.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 17,050 030.—

14. — Околија — Дебар:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 10,783.100·—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 6,168.600.—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — Дин. 4,614.500·—

15. — Околија — Гевгелија:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 15,193,175.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 15.193 175.—

16. — Околија — Гјорче Петров:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 7,344.460.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 6,972.800·—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — Дин. 371 660.—

17. — Околија — Кавадарци:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 23,603.837·—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 18,055,299.—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — Дин. 5,548,538·—

18. — Околија — Кичево:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 9,798.500.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 9,798.500.—

19. — Околија — Кочане:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 12,007.767·—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 12,007.767·—

20. — Околија — Кратово:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 8,746.420.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 7,695.800·—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — Дин. 1,050,620.—

21. — Околија — Крушево:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 6,926,614·—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 2,526 614.—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — Дин. 4,400.000·—

22. — Околија — Крива Паланка:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 10,692.652.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 8,175.700.—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — — Дин. 2,516,932.—

23. — Околија Куманово:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 14,369,260.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 14,369,260.—

24. — Околија — Охрид:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 8,119.800.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 7,892.300.—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — — Дин. 227.500.—

25. — Околија — Прилеп:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 19,251.817.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 19,251.817.—

26. — Околија — Радовиш:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 8,011,300.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 8,011,300.—

27. — Околија — Ресен:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 9,404,200.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 9,404,200.—

28. — Околија — Скопје:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 14,762.885.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 14,762.885.—

29. — Околија — Св. Николе:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 9,755.061.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 9,755.061.—

30. — Околија — Слепче:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 12,860.710.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 5,028.100.—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — — Дин. 7,832,610.—

31. — Околија — Струга:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 10,449,560.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 10,449.560.—

32. — Околија — Струмица:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 11,335.540.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 11,335.540.—

33. Околија — Титов Велес:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 12.563·640.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 12.563·640.—

34. — Околија — Тетово:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 14,598.150.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 14,598.150.—

35. — Околија — Штип:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 8,056,100.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 7,889,800.—
вишок на расходите во износ од — — — — — — — — — — — — — — Дин. 166.300.—

36. — Околија — Царево Село:

расходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 6,939.031.—
приходи во износ од — — — — — — — — — — — — — — — — — Дин. 6,939.031.—

### Чл. 3

На народните одбори за изравнение на нивните буџети им се отстапуат од данакот на доход и данакот на промет на производи и услуги, кои што ќе се наплатат на нивната територија, а кои што се покажани во вкупните износи на приходите во чл. 2 од овој Закон, следните проценти:

| | % од данакот на доход | % од данакот на промет на производи и услуги |
|---|---|---|
| на град Скопје — — — — — — — | 20 | 1 |
| на Градскиот нар. одбор — Битола | 65 | 20 |
| на Градскиот нар. одбор — Куманово | 15 | 10 |
| на Градскиот нар. одбор — Охрид | 90 | 80 |
| на Градскиот нар. одбор — Прилеп | 40 | 20 |
| на Градскиот нар. одбор — Струмица | 90 | 80 |
| на Градскиот нар. одбор — Тетово | 55 | 20 |
| на Градскиот нар. одбор-Титов Велес | 20 | 10 |
| на Градскиот нар. одбор — Штип — | 40 | 20 |
| на Околијата — Берово — — — — | 60 | 80 |
| на Околијата — Битола — — — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Брод — — — — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Гевгелија — — — | 60 | 20 |
| на Околијата — Гостивар — — — | 85 | 80 |
| на Околијата — Дебар — — — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Ѓорче Петров — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Кавадарци — — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Кичево — — — — | 70 | 25 |
| на Околијата — Кочани — — — — | 50 | 20 |
| на Околијата — Кратово — — — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Крушево — — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Крива Паланка — | 90 | 80 |
| на Околијата — Куманово — — — | 55 | 40 |
| на Околијата — Охрид — — — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Прилеп — — — — | 70 | 80 |
| на Околијата — Радовиш — — — | 80 | 80 |
| на Околијата — Ресен — — — — | 60 | 80 |
| на Околијата — Скопје — — — — | 40 | 20 |
| на Околијата — Слепче — — — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Св Николе — — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Струмица — — — | 50 | 20 |
| на Околијата — Струга — — — — | 70 | 80 |
| на Околијата Титов Велес — — — | 90 | 80 |
| на Околијата — Тетово — — — — | 70 | 20 |
| на Околијата — Царево Село — — | 80 | 80 |
| на Околијата — Штип — — — — | 90 | 80 |

### Чл. 4

Вишок на расходите над приходите во буџетите на:

| | |
|---|---|
| Градски народен одбор — Струмица во износ од | Дин. 1,968.300 |
| Градски народен одбор — Охрид во износ од | Дин. 2.132.100 |
| Околијата — Битола во износ од — — — — — | Дин. 1,000.000 |
| Околијата — Брод во износ од: — — — — — | Дин. 4,304.830 |
| Околијата — Дебар во износ од — — — — — | Дин. 4.614.500 |
| Околијата — Ѓорче Петров во износ од — — — | Дин. 371.660 |
| Околијата — Кавадарци во износ од — — — — | Дин. 5,548.[illegible]38 |
| Околијата — Кратово во износ од — — — — | Дин. 1.050.620 |
| Околијата Крушево во износ од — — — — — | Дин. 4,400.000 |
| Околијата — Крива Паланка во износ од — — | Дин. 2,516.9[illegible]2 |
| Околијата — Охрид во износ од — — — — — | Дин. 227.500 |
| Околијата — Слепче во износ од — — — — — | Дин. 7.832.610 |
| Околијата — Штип во износ од — — — — — | Дин. 166.360 |

ќе се покрие со дотација од државниот буџет на Народна Република Македонија.

Чл. 5

Доколку во текот на буџетската 1947 година ке бидат донесени прописи со кои што се укинуат или споеват одделни надлештва или установи, Министерот на финансиите во согласност со Претседателот на Владата на НРМ може кредитите предвидени по буџетот вoцелост или во дел да ги пренесе на оние органи на државната управа, со кои што ке бидат припоени односно на кои што ке бидат пренесени нивните функции.

Чл. 6

Во смисол на чл. 31 од Основниот закон за буџетот, наредбодателите се должни да изработат тромесечни планови за исполнение на буџетот, разчленени по партии, позиции и подпозиции во личните и материјалните расходи, според напатствјата кои што ги издава Министерот на финансиите на НРМ.

Чл. 7

Се одобруе Решението на Владата на Народна Република Македонија бр. 2 од 7 април 1947 г.

Чл. 8

Овој Закон има обавезна сила од 1 јануари 1947 година.

У. Бр. 2

СКОПЈЕ, 12 април 1947 година.

ПРЕДСЕДАТЕЛСТВО НА ПРЕЗИДИУМОТ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За секретарот,
СТРАХИЛ ГИГОВ, с. р.

Председател,
БОГОЈА ФОТЕВ, с. р.

145

На основание член 73 точка 4 од Уставот на Народна Република Македонија, а во врска со член 6 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НР Македонија, Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НР Македонија донесуе:

## УКАЗ

за прогласуење на Законот за одобрение свршените сметки на приходите и расходите по буџетите за буџетските периоди јануари март и април—јуни 1945 година и републиканскиот буџет за периодот: јули—декември 1945 година гласан од Народното собрание на НР Македонија на 11 април 1947 година, кој што гласи:

## ЗАКОН

за одобрение свршените сметки на приходите и расходите по буџетите за буџетските периоди јануари—март и април—јуни 1945 година и републиканскиот буџет за периодот јули—декември 1945 година.

Член 1.

Исполнетите приходи и расходи по буџетите за буџетските периоди јануари—март и април—јуни 1945 година и републиканскиот буџет за период јули—декември 1945 година изнесуат:

ПРИХОДИ

| | |
|---|---|
| Редовни по буџетските периоди: | |
| Јануари—март | Дин. 50,652,920.01 |
| април—јуни | Дин. 123,407,067.08 |
| јули—декември по репуб. буџет | Дин. 239,167,421.60 |
| Вкупно приходи по горните буџети: | Дин. 413,227,409.59 |

РАСХОДИ

| | |
|---|---|
| Редовни по буџетските периоди: | |
| Јануари—март | Дин. 35,776,678.53 |
| април—јуни | Дин. 105,111,797.40 |
| јули—декември по реп. буџет | Дин. 206,793,550.52 |
| Вкупно расходи по горните буџети | Дин. 347,682,026.60 |

Остатокот во износ од Дин. 65,545,382.99 преставуе буџетски суфицит кој ке се внесе како обортен капитал во касата на Народна Република Македонија.

Член 2.

Се одобраваат оние издатоци направени во 1945 година а покажани во свршените сметки како и прекорачуења покажани во прегледите.

Член 3.

Свршените сметки за буџетските периоди за 1945 година прават составен дел на овој Закон.

Член 4.

Свршените сметки по буџетите на народните одбори за буџетскиот период јули—декември 1945 година, ке ги одобрат соответните народни одбори.

Свршените сметки по буџетите на бив. општински народни одбори за 1945 година ке ги одобрат околиските народни одбори, на чија територија било седалиштето на бившиот општински народен одбор.

Свршените сметки на бив. окружни народни одбори за 1945 година ке ги одобри Президиумот на Народното собрание на НР Македонија.

Одобрувањето на свршените сметки во горните случаи се врши по предходно прегледување на истите од Министерството на финансиите на НРМ.

Член 5.

Овој Закон стапува во сила од денот на изгласувањето од Народното собрание на НР Македонија.

У. Бр. 3.

Скопје, 12 април 1947 година.

Претседателство на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија

За Секретарот,
Страхил Гигов, с. р.

Претседател,
Богоја Фотев, с. р.

# ПРЕГЛЕД

## на расходите и приходите по државниот буџет на Народна Република Македонија за 1947 година

| Глава | РАСХОДИ | Динари | % | Раздел | ПРИХОДИ | Динари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **По републиканскиот буџет** | | | | **Републикански приходи** | |
| I | Фининсирање на државното стопанство и инвестиции на основа финансовите планови и претсметки | 865,579.000 | | I | Доходарина | 184,320.605 |
| II | Обнова и изградба во војната порушени села и згради | — | | II | Приходи од установи | 30,890.000 |
| III | Расходи за народна просвета, научни работи и стручно издигање на кадрови | 195,706.385 | | III | Остаток од добивката и вишок на сопствените оборотни средства на стопанските претпријатија од републик. значение | 98,514.427 |
| IV | Одделни расходи за печатарско - издавачка дејателност | 1,240.000 | | IV | Разни приходи | 82,501.309 |
| V | Расходи за социјално - здравствена заштита | 135,811.909 | | V | Дел од сојузните приходи | 963,810.000 |
| VI | Расходи на држааната управа и администрација | 272,375.690 | | VI | Дотација од општодржавниот буџет | 138,876.030 |
| VII | Резервни кредити, задолженија и др. | 28,009.387 | | | | |
| | Се републикански расходи | 1,498.912.371 | 73⁷³ % | | Се републикански приходи | 1,498.912.371 |
| | **Б. по буџетите на народните одбори** | | | | **Одборски приходи** | |
| | | | | | Сопствени приходи | 183,134.264 |
| | | | | | Дел од доходарината | 263,679.395 |
| | | | | | Дел од данакот на промет | 50,940.000 |
| | | | | | Дотација | 36,333.970 |
| | Расходи по буџетите на народните одбори | 534,087.629 | 26²⁷ % | | Се одборски приходи | 534,087.629 |
| | ВКУПНО: | 2,033.000.000 | | | ВКУПНО: | 2,033.000.000 |

147

# ПРЕ

## на расходите и приходите по републиканскиот

| Раздел | РАСХОДИ | Глава I Финансирање на држав. стопанства и инвестиции по финан. планови и претсметки | Глава II Обнова | Глава III Расходи за нар. просвета науч. раб. и стр. издигање на кадрови | Глава IV Расходи за печатарско издавачка дејателност | Глава V Расходи за социално здравст. заштита |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | Народно собрание | — | — | — | — | — |
| II | Президиум на Н. собрание | — | — | — | — | — |
| III | Претседателство на Владата | 23,500.000 | — | 1,000.000 | 500.000 | — |
| IV | Планска комисија | — | — | 250.000 | — | — |
| V | Контролна комисија | — | — | — | | — |
| VI | М-во на индустр. и рударство | 433,500.000 | — | 12,472.500 | — | — |
| VII | М-во на земјод. и шумарство | 162,223.000 | — | 25,274.316 | 300.000 | — |
| VIII | М-во на тргов. и снабдевањето | 45,185.000 | — | 6,941.600 | — | — |
| IX | М-во на Градежите | 37,823.000 | — | 11,420.220 | — | — |
| X | М-во на финансиите | — | | 400.000 | 100.000 | — |
| XI | М-во на внатр. работи | 29,718.000 | | 1,774.500 | | 126.250 |
| XII | М-во на правосудието | — | | 540.000 | | |
| XIII | М-во на трудот | — | | 40.000 | | |
| XIV | М-во на народ. здравје | 40,800.000 | | 10,057.849 | 200.000 | 31,992.251 |
| XV | М-во на социјал. грижи | — | | | | 52,114.809 |
| XVI | М-во на народ. просвета | 93,020.000 | | 126,135.400 | 140.000 | 1,578.600 |
| XVII | Пензии и народ. признанија | | | | | 50,000.000 |
| XVIII | Задолженија од мин. буџ. периоди | | | | | |
| XIX | Буџетски резервни кредити | | | | | |
| | ВКУПНО: | 865,769.000 | | 195,706.385 | 1,240.000 | 135,811.909 |
| | | 57,72 % | | 13,06 % | 0,01 % | 9,13 % |

# ГЛЕД

## буџет на Народна Република Македонија за 1947 г.

| Глава VI Расходи на државната управа и администрација | Глава VII Расходи за нар. одбрана | Глава VIII Резервни кредити, задолженија и др. | ВКУПНО | | Раздел | ПРИХОДИ | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3,000.000 | — | — | 3,000.000 | 0.21 | I | Доходарина | 184,320.605 | 12,30 |
| 1,356.000 | — | — | 1,356.000 | 0,11 | II | Приходи од установи | 30,890.000 | 2,06 |
| 26,027.300 | — | — | 51,627.300 | 3,44 | III | Остаток од добивката и вишокот од сопствените оборотни средства на стопанските претпријатија од републиканско значение | 98,514,427 | 6,57 |
| 4,482.026 | — | — | 4,732.026 | 0,31 | | | | |
| 5,500.000 | — | | 5.500.000 | 0,42 | | | | |
| 4,145.600 | — | — | 450,117.500 | 30,44 | | | | |
| 26,582.464 | — | — | 203,379.780 | 13,90 | IV | Разни приходи | 82,501.304 | 5,47 |
| 6,020.000 | — | — | 58,746.600 | 3,91 | V | Дел од Сојузните приходи | 963,810.000 | 64,33 |
| 52,212.400 | — | — | 101,455.620 | 6,77 | VI | Дотација од општо државниот буџет | 138,876.030 | 9,27 |
| 6,280.000 | | | 6,780.000 | 0,04 | | | | |
| 108,205.858 | | — | 139,224.608 | 9,29 | | | | |
| 18,460.000 | | | 19,000.000 | 1,37 | | | | |
| 2,782.750 | | | 2,822.750 | 0,20 | | | | |
| 3,749.900 | | | 86,800.000 | 5,71 | | | | |
| 2,895.102 | | | 55,000.000 | 3,67 | | | | |
| 5,486.800 | | | 226,360.800 | 15,07 | | | | |
| | | | 50,000.000 | 3,40 | | | | |
| | | 10,000.000 | 10,000.000 | 0,84 | | | | |
| | | 18,009.387 | 18,009.387 | 1,30 | | | | |
| 272.375.698 | | 28,009.387 | 1,498.912.371 | 100 | | | 1,498.912.371 | 100% |
| 18,17% | | 1,91% | 100% | | | | | |

148

## УКАЗ

На основа член 73 точка 4 од Уставот на Народна Република Македонија а во врска со член 4 точка 3 и чл. 6 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, — Претседателството на Президиумот на Народното собрание на НР Македонија го прогласуе Правилникот за работата на Народното собрание на Народна Република Македонија, кој го донело Народното собрание на НР Македонија, а кој што гласи:

## ПРАВИЛНИК
## ЗА РАБОТАТА НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Претседателство на Народното собрание

Член 1.

Народното собрание избира претседателство на Собранието за целиот период за кое што е избрано и истото се состои од претседател, еден или повеке потпретседатели и до три секретара, и тоа по предлог на десет пратеника најмалку.

Прво се избира претседател, па потпретседател, односно потпретседатели и најпосле секретар, односно секретари.

Член 2.

Претседателот го претставуе Собранието, председава и одржава ред на седниците на Собранието и се грижи за правилното вршење на работите во канцелариите во Собранието. Претседателот на Собранието ги поставуе службениците на Собранието, донесуе одлуки за нивните службенички односи и врши дисциплинска власт над нив, доколку со законот не е инаку препишано.

Ако претседателот е спречен, го заменуе потпретседателот.

Член 3.

Должност е на секретарите: да вршат прозивка на пратениците, да ги составуат и четат записниците на седниците на Собранието, да ги четот резултатите, предлозите и други акти на Собранието, да се грижат за водење белешки за одлуките на Собранието за одржуењето, начинот и ре- определени од претседателот односно од подпредседателот на Собранието.

Во случај да се сите секретари спречени во вршење должноста секретар, привремено ке ги заменат пратеници седателот односно од подпредседателот на Собранието.

Еден од секретарите кого ке го определи претседателот води непосреден надзор над вршење на целокупната канцеларска работа.

### СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

Член 4.

Седниците на Собранието ги отварат и раководи претседателот односно од претседателот на Собранието.

Седниците се јавни, но Собранието може да одлучи некои седници да се претворат во тајни по барање на тој што претседава. По предлог седницата да биде тајна се гласа без претрес. По предмети за кои што Собранието реши да се разгледуат во тајна седница и одборите ги решаваат по истиот начин.

Тој што претседава го раководи претресот и се грижи одредбите на овој Правилник точно и на времеда се извршуат, и го одржава редот на седниците.

Член 5.

Дневниот ред за секоја седница го утврдуе Собранието по предлог на оној што претседава без претрес. Секој пратеник може да предложи измени во предлогот на дневниот ред. На крајот на седницата се утврдуе дневниот ред за идната седница. Дневниот ред се објавуе со нарочна објава на определено место во зградата на Собранието. Ако дневниот ред определен за една седница не могол да биде свршен на таа седница, оној што претседава ке објави дека за идната седница важи несвршениот дел од дневниот ред со додаток на оние предмети кои што по овој Правилник треба да се стават на дневен ред, како и за оние кои што Собранието реши за тој ден да се стават на дневен ред.

Член 6.

Пред да се мине на дневниот ред тој што претседава и Владата прават на Собранието соопштенија кои што се однесуат за него. След тоа пратениците можат да поставаат кратки прашања на претседателот на Собранието, претседателот на Владата или членовите на Владата согласно член 30 од овој Правилник. След тоа се минуе на дневниот ред. Соопштенија од Владата можат да се прават во текот на целата седница.

Член 7.

На седниците на Собранието имаат право да говорат само пратениците и членовите на Владата. Собранието по потреба ке го ислуша и овластениот министерски повереник за кого член на Владата побара да биде ислушан.

Секој пратеник има право да зборуе на својот мајчин јазик.

Никој не може да говори без да побара и добие реч од оној што претседава.

Оној што претседава дава реч по редот на пријавата освен во случај кога по Правилникот е поинаку предвидено. На членовите на Владата им се дава реч кога ке побараат. Секој пријавен говорник има право својот ред да го отстапи на друг пријавен говорник, или да се откаже од говор.

Известителите на одбор можат да говорат повеке пати и преку ред, ако е потребно.

На пратеник што сака да говори за повреда на Правилникот или дневниот ред штом ке ја побара, но неговиот говор може да трае највеке пет минути. Ако след објасненијата на тај што претседава, говорникот остане при тоа да се повредени Правилникот или дневниот ред, Собранието без претрес го решава тоа прашање.

Говорникот може да зборуе само за прашањето што е на дневниот ред. Освен тој што претседава никој не може да го прекине говорникот во текот на ни да го опомене на ред.

Член 8.

Пријавуење за говор се врши штом ке се отвори претресот. Тој што претседава дава реч по редот на пријавуењето доклку со Правилникот инаку не е пропишано.

Освен членовите на Владата и одборските известители за еден исти предмет не може никој да говори повеке од еднаш, освен ако Собранието тоа нарочно му го допушти.

Ако пратеникот бара реч за да го поправи својот навод што дал повод за неспоразум или за лично објаснуење, ке му се даде реч веднаш след говорот што дал повод за тоа, но не може да говори повеке од пет минути.

Член 9.

Записникот на седницата го водат секретарите по редот определен од претседателот.

Во записникот се бележат:

1) соопштенијата на оној што претседава и на Владата;

2) предметите за кои што Собранието решавало и решенијата што се по нив донесени, за начинот на гласањето и бројот на гласовите „за" и „против" при гласањето по име;

3) предметите за кои што Собранието реши да се внесат во записникот.

Говрите на пратениците не се бележат во записникот, но само се означуат имињата на говорниците „за" и „против". Записникот се објавуе во Службен весник на Народна Република Македонија.

Во почетокот на секоја наредна седница се чете записникот од предходната седница. Секој пратеник има право да стави примедба на записникот. Ако секретарот изјави дека не ја прима ставената примедба и останув при старата редакција Собранието решава за тоа без претрес. Во случај Собранието да најде дека примедбите се основателни, секретарот е должен да го исправи записникот според примедбите. Конечно применетиот записник се потпишув од тој што претседава и секретарот кој што го водел записникот.

Член 10.

Редовно и вонредно заседание на Народното Собрание можат да се прекинуат само со одлуката на мнозинството од присатните пратеници.

## ОДБОРИ

Член 11.

За проучавање и приготвување на законски предлози и предлози на други прашања Собранието избира одбори. Одборите се постојани или нарочни. Постојани одбори се:

1) Законодавниот одбор;
2) Одборот за стопански план и финансии;
3) Мандатно-имунитетниот одбор;
4) Административниот одбор; и
5) Одбор за молби и жалби.

Постојаните одбори се избираат за целиот период за кој што е избрано и Собранието.

Нарочните одбори се избираат за проучавање на оние законски предлози или други предмети за кои што Собранието најде дека треба да се испратат на нарочен одбор. Нарочните одбори трајат додека не ја свршат поверената работа.

Собранието може да одреди и посебни иследни и анкетни одбори за оделни работи.

Член 12.

Одборите се избираат по листи. Кандидатска листа можат да поднесуат најмалку десет пратеника.

Членови на владата не можат да бидат членови на Одборот.

Член 13

Законодавниот одбор се состои од 11, одборот за стопански план и финансии се состои од 7, а другите одбори од по пет члена. Нарочните одбори имаат по толку члена колку Собранието ке одреди.

Во Законодавниот одбор и Одборот за стопански план и финансии се избираат и по пет заменика, а во другите одбори по три.

Заменците се повикуат на седниците на Одборот во случај спреченост на членовите на Одборот.

Член 14.

Секој одбор си одбира претседател, потпретседател и секретар.

Одборите работат по Правилник кој што сам си го пропишуат, на основа на овој Правилник.

Член 15.

Одборите можат да работат и во време кога Собрание то не заседава.

Член 16.

За приготвување и за полесно извршување на својата задача одборите можат да образуат во својата средина пододбори. Пододборите не можат да поднесуат никакви одлуки од името на целиот одбор туку поднесуат свои извештаи на самиот одбор.

Член 17

Седниците на сите одбори се полноважни ако присаствуат две третини од членовите на одборот. Одлуки се се донесуат со просто мнозинство на гласовите. За работата на одборот се води записник.

Член 18.

На седниците на одборите може да присаствуат со право на советодавен глас, секој пратеник, кој што не е член на одборот, членови на Владата и Владините повереници. Право на говор имаат само членовите на одборот, членовите на Владата и Владините повереници. Член на Владата кој што го поднел законскиот предлог или неговиот заменик должен е да присаствуе на претресот во одборот ако претседателот на одборот го повика за да го образложи предлогот. Повереникот кого кје го определи членот на Владата може да дава само објаснениja.

Член 19

При претресот на законските предлози Законодавниот одбор и Одборот за стопански план и финансии имаат право да бараат од соответните министерства, установи и службени лица документи, материјал и мненија кои што се однесуат на законскиот предлог што се претресуе.

Обата одбори при претресот на законските предлози можат да повикат за советуење претставители на државните надлештва и установи, на научни и општествени организации.

Кога ке се заврши претресот на законски предлог во Законодавниот одбор односно во Одборот за стопански план и финансии Одборот ке си определи известител. Известителот му го поднесуе на Собранието извештајот на Одборот и го брани предлогот.

Ако Одборот се подели на мнозинство и малцинство едната и другата страна можат да си определат засебен известител. Член на одбор кој што има одвоено мнение може своето мнение да го изнесе на седницата на Собранието, во текот на претресот.

Одборите можат да одржават врска непосредно со Владата и нејзините членови преку своите претседатели.

Член 20

Собранието може да определи срок до кога Одборот треба да поднесе извештај. Ако Одборот тоа не го стори во определениот срок или Собранието не му го продолжи срокот, може да избере други членови во Одборот.

Член 21

Законодавниот одбор и одборот за стопански план и финансии можат и во текот на начелниот и поединечниот претрес на законските предлози да одржават заеднички состанци за изслушуење образложенијата на членовите на Владата или нивните повереници и за согласуење техничката редакција на оддели глави и членови од законските предлози. Со цел да се согласи техничката редакција на законските предлози овие одбори можат да образуат и заеднички редакциони комисии.

## ПОДНЕСУЕЊЕ И ПРЕТРЕС НА ЗАКОНСКИ ПРЕДЛОЗИ И РЕЗОЛУЦИИ

Член 22

Законски предлози може да поднесуе на Собранието Владата, членовите на Владата и секој пратеник.

Законските предлози се доставуат на председателот на Собранието писмено и во формата во која што се донесуе закон. Секој пр... ен законски предлог председателот на

Прашањата се поставуат писмено еден ден пред седница за преку председателот на Собранието. Доколку прашањето се однесуе до него, председателот на наредната седница во текот а соопштенијата, пред минуење на дневен ред, одговара на истото ведага, или членовите на Владата одговараат писмено или усмено на седницата.

пред да се мине на дневен ред. Членовите на Владата мораат да одговараат усмено најдоцна три дена или писмено во срок од 5 дена. Ако е потребно да се соберат податоци членот на Владата може да бара подолг срок за одговор, но одговорот мора да биде даден во текот на истото заседание.

После одговорот од членот на Владата може по правило да го води, само уште оној што праша, било за какво објаснуење, или да изјави дека е дозолен од одговорот или не. Ако прашањето има општ значај, тој што претседава може да дозволи дискусија по тоа прашање после одговорот од членот на Владата, но таква дискусија не може да трае подолго од една седница.

После изјавата на тој што праша или после дискусијата, по прашањето, се минуе на дневниот ред без гласање, но во случај да имало дискусија, на дневен ред може да се мине со гласање, ако постои предлог, било за минуење на дневниот ред, било за мотивирање мнение за дневниот ред.

## МОЛБИ И ЖАЛБИ

### Член 31

Сите молби и жалби упатени до Народното собрание претседателот на Собранието ги испраќа до одборот за молби и жалби, кој што ги решава по ред. Самиот одбор ќе ги одфрли неоснованите молби и жалби, а останалите ќе ги упати на другите надлежни одбори, на членовите на Владата или на Президиумот на Народното собрание по свој предлог.

## ГЛАСАЊЕ

### Член 32

Гласањето во Собранието е јавно или тајно.

Јавно се гласа со дигање на рака или по име.

Гласање со дигање на рака се врши во сите случаи за кои што овој Правилник не одредил друг начин за гласање.

Гласање по име се врши кога се гласа по законскиот предлог во целина и кога гласањето со дигање рака не дава одреден резултат. При гласање по име секретарот ги извикуе сите пратеници и овие гласаат со одзив „за“ или „против“. По завршената прозивка на сите пратеници уште еднаш ке се извикаат оние пратеници кои што при првата прозивка не се одзвале.

Собранието може да реши за законскиот предлог во целина да се гласа со дигање на рака.

Тајното гласање се врши со лисчиња од еднаква големина, во една боја а една форма, кои што се ставаат во еднообразен плик. Пратениците со прозивка еден по друг ги спуштаат листчињата во сандаче за тоа определено. Гласовите ке ги пребројат три пратеника со жрепче одредени. По завршеното броење гласачките лисчиња се поништуат.

Сите избори што ги врши Собранието (претседател, потпретседатели и секретари на Собранието, на одборите) се вршат јавно со дигање на рака, осем кога се предложени повеке од една кандидатска листа. Во таков случај тој што претседава ке нареди тајно гласање.

Гласањето може да се изврши само лично

### Член 33

Народното собрание решава полноважно кога присаствуват повеке од половина од вкупниот број пратеници, а за одлука е потребно мнозинство од гласовите на присатни те пратеници.

Кога при вршење избори за одбор или претседателство на Собранието две или повеке лица добијат еднаков број гласови ке се изврши нов избор.

### Член 34

Ако тој што претседава види дека нема доволен број пратеници за решуење ке нареди да се изврши прозивка или пребројавање.

Ако се подигне прашање за кворум, присатните пратеници не можат да излизат од дворанната се до дека не се изврши прозивка, односно пребројавање на пратениците и гласањето. Ако тоа го направат, се сметаат да се присатни и да гласале „против“.

Присатноста ја утврдуе тој што претседава.

Утврдуењето на кворум врши тој што претседава и тогај кога тоа го предложуе еден пратеник потпомогнат од двајца други. По тој предлог одлучуе Собранието со дигање рака, без претрес.

## ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРАТЕНИЦИТЕ

### Член 35

За сите изјави и постапки направени при вршење на мандатот, било на седниците било во друга извесна должност, пратениците одговараат само на Собранието и избирачкото тело што ги избрало.

Пратениците не можат да бидат лишени од слобода, нити против нив може да се спроведе кривична постапка без одобрение на Собранието или ако тоа не заседава од неговиот Президиум, освен во случај да бидат затечени во злочинство. В време помеѓу две заседанија одобрение може да даде Председателството на Президиумот на Народното собрание. Во случај лишение од слобода или поведуење кривична постапка против пратеник затечен на дело во злочин мора за тоа веднага да се извести Претседателството на Президиумот на Народното собрание кое што приемниот извештај ке му го достави на Собранието штом тоа биде свикано.

Пратениците уживаат имунитетско право од моментот кога од страна на изборната комисија им е издадено уверение дека се избрани.

Барањето на иследните и судски органи за издавање на пратеник се испраќа претходно на Мандатно-имунитетниот одбор. Собранието донесуе решење по ислишуењето извештајот на Одборот. Пратеникот ако е присутен има право да биде ислушан. Одредбите на овој член не важат за извикуење пред суд или пред други државни органи и за извршуење на судски и административни одлуки по часни правни спорови.

Застарелоста не тече за сето време додека по Уставот и по Законот не може да почне или предложи истрага против пратеникот.

### Член 36

За сето време додека трае заседанието на Собранието пратениците се должни да бидаат во местото на заседание то и да ги вршат своите должности. Пратеник што е спречен да присаствуе на седниците на Собранието, е должен да бара од Собранието да му одобри отсуство. Собранието може на Мандатно-имунитетниот одбор да му го достави случајот кога пратеник без одобрено отсуство не иде на

седници повеке пати. Одборот со својот извештај ке му по днесе на Собраниего предлог како требе да се постапи спрема таков пратеник. За барање отсаство Собранието решуе без претрес. Ако тој што претседава најде дека во Собранието нема доволен број пратеници за решуење, тој може сите одобрени отсаства да ги огласи да се укинуат осем оние што се одобрени поради тешка болест.

Член 37

Пратениците имаат право на дневница за сето време кога Собранието или одборот работаат, сметајки го и времето за доваѓање и враќање од заседанието.

Покрај тоа пратениците имаат право на бесплатни превоз на сите државни сообракајни средства додека им трае мандатот.

Член 38

Претседателот на Собранието им издава на пратениците нарочни легитмации во кои што изрично ке се истакне имунитетното право на пратениците и правото на бесплатен превоз.

Член 39

Секој пратеник може да поднесе оставка на својот мандат. За поднесената оставка поднесуе Мандатно-имунитетниот одбор извештај на Собранието.

## ОДРЖУЕЊЕ НА РЕДОТ

Член 40

Исклучително право да го одржуе редот на седниците припаѓа на оној што претседава.

Член 41

Дисциплински казни со кои што можат пратениците да бидат казнети се овие:

1) Опомена на ред;
2) запишана опомена на ред;
3) одземање реч и
4) времено исклучение од седниците.

Исклучението не смее да биде прв пат подолго од три седници а секој друг пат не подолго од десет седници.

Првите три казни ги изречуе тој што претседава, а четвртата Собранието без претрес на предлог на тој што претседава или двесет пратеника.

Член 42

Со опомена на ред ке се казни секој пратеник кој што со својот говор или поведение во Собранието го нарушуе редот и прописот на Правилникот.

Со запишана опомена ке се казни секој пратеник кој што на истата седница веке е бил опоменат на ред. Со одземање на речта ке се казни секој пратеник кој во својот говор го повреде редот а на истата седница не е бил казнет со запишаната опомена, или кој што два пати не го послушал тој што претседава.

Со казна исклучение од седница се казни пратеник кој што лично ги повредуе или клевета народните пратеници или спрема Собранието се држи непристојно, или за кого што се утврди дека не ја зачувал тајната за предмети за кои што била изгласана тајност, или некје да ги послуша опомените на тој што претседава како и оној кој што прави неред или ја пречи работата на седницата.

Пратеник против кого се предложи исклучение има право да говори во своја одбрана највеке пет минути Ако за повеке пратеници е еднувремено предложено исклучение поради заедничко извршено нарушение на редот, во името на сите има право да говори само еден, но неговиот говор може да трае највеке десет минути.

Член 43

Пратениците не смеат на седниците да идат со оружје.

## ПЕРСОНАЛОТ И СМЕТКОВОДСТВОТО НА СОБРАНИЕТО

Член 44

Сиот персонал на Народното собрание стои под надзор на Претседателот. Персоналот е постојанен или времен. Административниот одбор ке изработи нарочен Правилник за персоналот на Собранието за чие извршуење се грижи Претседателот. Овој Одбор го одредуе бројот и платата на персоналот, доколку со закон не е инаку пропишано.

Член 45

Претседателот на Собранието го извршуе буџетот на Собранието. Административниот одбор е должен секој месец да ги прегледуе сметките и да поднесуе извештај на Собранието односно на Претседателот.

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Член 46

Стенографскиот персонал израбатуе стенографски белешки за седниците на Собранието и на сите одбори ако Претседателот одреди. Тие белешки се поднесуат на преглед на секој говорник, кој што може во нив да прави само редакциски измени без да внесуе нови мисли и причини.

Тој што претседава води сметка говорниците да не вршат исправки во обележените граници.

Стенографските белешки се печатат во едно издание. Секој говор мора да биде отпечатен на јазикот на кој е изречен и на македонски јазик.

## АРХИВА И ПЕЧАТ

Член 47

За архивата на Собранието и за библиотеката се грижат нарочни службеници.

Собранието има свој печат, кој го чува секретарот одреден од Претседателот на собранието.

## РАБОТЕН РЕД ПРИ ОТВАРАЊЕТО НА НОВОТО СВИКУЕЊЕ НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ

Член 48

На првиот состанок на новоизбраното народно собрание претседава по години најстариот присатен пратеник.

Должноста времени секретари ја вршат три пратеника избрани од собранието.

Штом присатните пратеници ги предадат на времениот претседател уверењата издадени од изборните комисии, Собранието избира Верефикациониот одбор од 11 члена на основание кандидатска листа предложена најмалку од 10 пратеника. Ако има две или повеке кандидатски листи изборот се врши со тајно гласање.

После овој избор состанокот на Собранието се заклучуе.

Член 49

На првата своја седница Верефикациониот одбор си избира претседател, потпретседател и секретар.

Член 50

Верефикациониот одбор ги испитуе пратеничките уверења, што изборни акти и сите жалби против изборот и поднесуе извештај на Собранието.

По доставуење на извештајот на пратениците, пред-

седателот на Верефикациониот одбор свикуе седница на Собранието на која што веднага се пристапуат кон претрес на извештајот на Верефикациониот одбор. Седницата не може да се одржи пред да поминат 24 часа од доставуењето извештајот на пратениците

До изборот на Претседател на Собранието неговите седници ги раководи претседателот на Верефикациониот одбор

Секој пратеник, додека не му биде изборот поништен, има право да присаствуе и решуе на седниците на собранието, но не може да гласа за својот избор ако посебно за него се гласа

Собранието може да го оснажи изборот на пратеник, или да ги поништи и нареди нови избори, или да ја одложи одлуката и да нареди да се звршат посебни иследуења па после тоа да донесе конечна одлука.

Член 51

Откако ке се изврши претресот на извештајот на Верефикациониот одбор, пратениците чии избор е оснажен, полагаат пред Собранието и потпишуат заклетва која гласи:

„Ја (Име и презиме) се колнам со својата чест и со честа на својот народ дека како народен пратеник секогаш ке ги застапуам и бранам демократските права и слободата на народот на НР Македонија, дек верно ке го чувам братството, единството и слободата на народите на нашата заедничка татковина Федеративна Народна Република Југославија и дека неуморно ке ги бранам и зачакнузам придобивките од народно-ослободителната борба, дека ке го вложам си т свој труд и знаење за изградбата на нашата народна држава и за подигање на благосостојбата на работниот народ и дека својата пратеничка должност ке ја исполнуам совестно и неуморно“.

После полагоњето на заклетвата се чете указот на Президиумот на Народното собрание на НР Македонија за свикуење заседанието на Народното собрание.

Пратениците не можат да ја вршат својата должност додека не ја положат заклетвата.

Член 52

Овој Правилник влегуе во сила штом го прими Народното собрание.

Скопје, 10 април 1947 година.

**Претседателството на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија**

За секретар, Страхил Гигов, с. р.

Потпретседател Богоја Фотев, с. р.

349

**Врз основа на чл. 21 а од Законот за уредуење на народни судови, Владата а НРМ пропишуе**

## УРЕДБА

### за бројот и начинот за избор на делегирани одборници од околиските и градските народни одбори за избор на претседатели, судии и судии-поротници на окружните судови.

Член 1

Изборот и разрешуењето на претседателите, судиите и судите—поротници на окружните судови во Народна Република Македонија се врши на окружно собрание на делегираните одборници од околиските и градските народни одбори од подрачјето на соодветниот окружен суд.

На окружното собрание на делегираните одборници окружните судови поднесуат извештај и одговараат за својата работа.

Член 2

Околиските и градските народни одбори бираат од својата средина делегирани одборници за избор и разрешуење на претседателите, судиите и судиите—поротници на поедини окружни судови и тоа:

**I. За Окружниот суд во Скопје 60 одборника, од кои:**

1) Градскиот народен одбор во Скопје 11 одборника;

2) Околискиот народен одбор во Тетово 6 одборника;

3) Околискиот народен одбор во Скопје 6 одборника;

4) Околискиот народен одбор во Куманово 5 одборника;

5) Околискиот народен одбор во Кавадарци 4 одборника,

6) Околискиот народен одбор во Титов Велес 4 одборника;

7) Околискиот народен одбор во Гостивар 4 одборника;

8) Околискиот народен одбор во Гевгелија 4 одборника;

9) Околискиот народен одбор во Крива Паланка 3 одборника;

10) Околискиот народен одбор во Дебар 3 одборника;

11) Околискиот народен одбор во Ѓорче Петров 3 одборника,

12) Градскиот народен одбор во Куманово 3 одборника

13) Градскиот народен одбор во Тетово 2 одборника

14) Градскиот народен одбор во Титов Велес 2 одборника;

**II. За Окружниот суд во Битола 55 одборника од кои:**

1) Околиски народен одбор во Битола 8 одборника;

2) Околискиот народен одбор во Кичево 6 одборника;

3) Околискиот народен одбор во Струга 5 одборника;

4) Околискиот народен одбор во Прилеп 5 одборника;

5) Градскиот народен одбор во Битола 5 одборника;

6) Околискиот народен одбор во Охрид 5 одборника;

7) Градскиот народен одбор во Прилеп 4 одборника;

8) Околискиот народен одбор во Брод 4 одборника;

9) Околискиот народен одбор во Ресен 4 одборника;

10) Околискиот народен одбор во село Слепче (Демир Хисарска) 3 одборника;

11) Околискиот народен одбор во Крушево 3 одборника,

12) Градскиот народен одбор во Охрид 3 одборника;

**III. За Окружниот суд во Штип 50 одборника од кои:**

1) Околискиот народен одбор во Кочани 7 одборника;

2) Околискиот народен одбор во Струмица 7 одборника;

3) Околискиот народен одбор во Св. Николе 6 одборника;

4) Околискиот народен одбор во Радовиш 5 одборника;

5) Околискиот народен одбор во Кратово 5 одборника;

6) Околискиот народен одбор во Царево Село 4 одборника;

7) Околискиот народен одбор во Берово 4 одборника;

8) Околискиот народен одбор во Штип 4 одборника;

9) Градскиот народен одбор во Струмица 4 одборника;

10) Градскиот народен одбор во Штип 4 одборника.

Член 3

Изборот на делегираните одборници го врши околиски односно градскиот народен одбор на своето прво редовно заседание.

Народниот одбор може делегираните одборници во секое време да ги смени и на нивно место да избере нови.

За резултат на изборите на делегираните одборници као и за нивното одзивање околиските народни одбори односно градските народни одбори го известуваат Министерството на правосудието на Народна Република Македонија.

Член 4

Окружното собрание на делгираните одборници се свикуе повремено према укажаната потреба, во седиштето на окружниот суд.

Првото свикуеење на окружното собрание на делегираните одбровици го врши Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија на предлог на Министерот на правосудиенто на Народна Република Македонија преку околискиот народен одбор (градскиот народен одбор) во кој што е седиштето на окружниот суд.

Член 5

На првиот состанок окружното собрание на делегираните одборници бира претседател и секретар.

Претседателот раководи со седниците, а секретарот води записник на окружвото собрание на делегираните одборници.

Претседателот и секретарот ги приготвуат заседанијата на окружното собрание на делегираните одборници и извршуат сите решенија на заседанијата.

Секретарот ги врши административните работи во врска со заседанието.

Член 6

Претседателот и секретарот на окружното собрание на делегираните одборници должни се да ги свикуат заседанијата по барањето на секој околиски или градски народен одбор од подрачјето на окружниот суд, по барањето на една третина од сите делегирани одборници по барњето на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија и по барањето на Министерот на правосудието на Народна Република Македонија.

Претседателот и секретарот на окружното собрание на делегираните одборници должни се да свикуат заседанија и во оние случаеви кога се избирааат или разрешуват претседателот, судиите, или судиите—поротници на окружниот суд или кога треба да се прими извештај за работата на окружниот суд.

Член 7

На окружното собрание на делегираните одборници можат да се донесуат полноважни заклученија ако на седницата е присатно мнозинство од делегираните одборници.

Заклученијата се донесуат со мнозинство на гласовите од сите присатни делегирани одборници.

Седниците на окружното собрание на делегираните одборници се одржаваат по правило јавно.

Јавноста може да се исклучи само во нарочно оправдани случаеви

Член 8

Претседателот и секретарот на окружното собрание на делегираните одбровици требе да бидат од седиштето бидат од седиштето на окружниот суд.

На собранието може секогаш да се смени председателот и секретарот и на нивно место да се изберат други делегирани одборници.

Член 9

Службата на делегираните одборници е почасна и по правило бесплатна, но околиските и градските народни одбори можат да одобрат на своите делегирани оборници, кој што не се од седиштето на окружниот суд, накнада на стварно направените расноски за вршење на таа должност.

Член 10

За работата на окружното собрание на делегираните одборници, во колку со оваа Уредба не е нешто друго предвидено, важат општите одредби за народните одбори.

Член 11

Потребните објасненија и напатствија за применување на оваа Уредба ке ги дава Министерот на правосудието на Народна Република Македонија.

Член 12

Оваа Уредба влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службен весник“ на Народна Република Македонија.

5 март 1947 год.

Претседател
на Владата на Н. Р. Македонија,
Л. Колишевски с. р.

Министер
на правосудието на НРМ,
В. Калајџиски с. р.

150

**Со цел да се овозможи на лица кои што немаат свршено основно образование за да го истото свршат со приватно полагање Министерот за просвета на Народна Република Македонија го пропишуе следниот**

## ПРАВИЛНИК

### за полагање приватни испити во основните и вишите основни училишта

Чл. 1

Лица кои што не се редовни ученици, а имаат услови, можат да полагаат приватен испит за едно или најмногу две одделенија.

Право за полагање две одделенија имаат лица што преstареле и неможат да бидат редовни ученици. Во никој случај ниту едно лице не може да полага приватно повеке одделенија ако годините на возраста се помалку одколку што треба да бидат при редовното школуење.

Чл. 2

Приватно можат да полагаат испит од погорно од. ние и редовни ученици кои што за време на окупацијата и поради немање училиште загубиле една или повеке години од редовното школуење. Одобруење за полагање приватен испит на тие ученици дава повереникот на просветниот отсек при околискиот, градскиот односно реонскиот народен одбор.

Ако некој редовен ученик поради болест го напуснал училиштето во текот на учебната година, може да полага приватен испит од сите предмети и од сиот предвиден материјал за тоа одделение.

Чл. 3

Приватен испит може да се полага само во училиштето на оној реон каде што живее кандидатот, а това се докажуе со уверење од месниот, градскиот односно реонскиот народен одбор.

Искључение може да се направи само по многу важни причини и тоа со одобрение на повереникот на просветниот отсек при околискиот односно реонскиот народен одбор.

Редовните ученици приватен испит полагаат во училиштето каде што редовно учат.

Чл. 4

Приватните испити се држат во месец јуни. Срокот за пријавуење е од 1 до 15 мај.

Чл. 5

Кандидатите даваат молба до околискиот, градскиот односно реонскиот народен одбор — просветен отсек. Во молбата треба да се изнесат причините поради кои што кандидатот сака да плага приватен испит, како и за кој пат полага приватен испит за тоа одделение.

Со молбата кандидатот е должен да ги приложи следните документи:

1. Крштелно свидетелство;

2. Училишно свидетелство од последното свршено одделение и

3. Уверение од месниот, градскиот односно реонскиот народен одбор за неговото поведение, ако не е редовен ученик. Кандидатот што не е редовен ученик пред самиот испит е должен да ја претстави личната карта.

Чл. 6

Просветниот отсек одлучуе дали кандидатот ке биде пуштен на приватен испит.

Чл. 7

Ако во поднесените документи има некоја нередовност, повереникот на просветниот отсек ја испраќа молбата со приложените документи до извршниот одбор на својот народен одбор, кој што донесуе конечно решение.

Чл. 8

Приватен испит за едно одделение може да се полага најмногу два пати и тоа само во определено време.

Чл. 9

Приватен ученик кој што не ке го положи испитот, може да го повтори во идната сесија.

Чл. 10

Кандидати што положиле приватен испит, ако веќе минуат предвидената возраст, можат да се запишат во поворното одделение како редовни ученици.

Чл. 11

Приватните испити се вршат под контрола на раководителот.

Чл. 12

За приватните испити раководителот на училиштето води специална книга.

Чл. 13

Ако кандидатот има некој телесен недостаток, може да се ослободи од полагање на предметот по фискултура, а на основание на лекарска белешка. Тоа се одбележуе во записникот и специалната книга.

Чл. 14

Кандидатите кои што на испитот покажат лошо поведение можат да се отстранат од полагање на испитот и да им се земе правото на полагање за една или две години по решението на испитната комисија. Ова решение го потврдуе повереникот на Просветниот отсек при околискиот, градскиот односно реонскиот народен одбор.

Чл. 15

Во испитната комисија влегуат три члена: претседател, еден член и испитуач.

Во селата каде што има еден или два учители, комисијата се пополнуе со учители од најблиските села.

Во селата каде што има само еден учител, испитуач ке биде самиот учител во чие училиште се изведуе испитот, а за претседател и уште еден член ке се земат учители од блиските села.

Во вишите основни училишта претседател на комисијата ке биде раководителот на училиштето, а испитуачи предметните учители.

Претседателот на комисијата е стален член.

За време на испитот членовите на комисијата не смеат да го напуштат испитот.

Чл. 16

Приватните испити во основното училиште се само усни, а во вишите одделенија (V, VI и VII) писмени и усни.

Чл. 17

Писмен испит се полага од сите оние предмети од кои што преку учебната година се разботат писмени задачи.

Писмен испит се работи два саата под контрола на еден дежурен член од комисијата.

Чл. 18

Предметниот учител по јазиците предложуе на испитната комисија по три задачи, од кои што комисијата одбира една. За математика се предвидуат три групи и во секоја група по една задача од геометрија.

Чл. 19

Писмените задачи треба да бидат од материалот што е минат со редовните ученици.

Чл. 20

Од туѓите јазици предметниот учител дава некој текст да се преведе на македонски јазик. Кандидатите се служат само со речник.

Чл. 21

Изработените задачи ги прегледуе и оценуе предметниот испитувач. Оценка треба да биде потврдена од другите членови на испитната комисија, но во случај на несогласие се дава оценката предложена од мнозинството на комисијата.

Чл. 22

Ако на писмените испити кандидатот покаже слаб успех од три предмети, тогаш губи право да полага усен испит и

Чл. 23

На усниот испит предметниот испитуач поставуе прашање од целиот предвиден материал. Не е позволено да се испитуе само од една партија. Усниот испит трае 15 до 20 минути.

Чл. 24

После усниот испит Комисијата ја утврдуе оценката. Ако кандидатот добие на писмениот испит слаба оценка од некој предмет, тогаш на усниот испит треба да даде сосем добри одговори за да добие општ добар успех. Во секој случај оценката од писмените и усмените испити не се пресметнуе аритметички, ами како најде за најарно испитната комисија.

Чл. 25

Ако кандидатот полага приватен испит и на испитот добие слаба оценка од еден или два предмета има право да полага поправителен испит од тие предмети во месец август истата година. Ако тогаш не положи, се смета дека не го положил одделението.

Чл. 26

Ако кандидатот покаже слаб успех од повекје од два предмета, тогаш кје го повтори испитот од сите предмети во наредната сесија.

Чл. 27

За полагање приватен испит се води записник по определен образец.

Чл. 28

На кандидатите што го положиле приватниот испит, кје им се издадат свидетелства, во кои што кје се одбележи дека приватно полагале.

Чл. 29

Свидетелство се издава на оние кандидати што го положиле приватниот испит. Ако кандидатот што не го положил испитот побара да му се издаде уверение за полагање на испитот, тогаш му се издава обично уверение, во кое што се одбележуе кога и по чие решение полагал приватен испит и зошто не го положил. Такво уверение го потпишуе само раководителот.

Чл. 30

Прописите од Општиот закон за народните одбори кје се прилагаат по однос на правото на жалба или на приговор против решенијата донесени од органите на народните од- [illegible] Со тоа, да рокот за жалба односно приговор изнесуе [illegible] от денот кога странката го примила решението.

Чл. 31

[illegible] од испитната комисија може да се жали само ако [illegible] внесол во записникот своето образложено мнение.

Таква жалба раководителот ја испракја заедно со нужните сведенија до повереникот на просветниот отсек на надлежниот околискиот, градскиот или реонскиот народен одбор.

Сите жалби за работата и решенијата на испитната комисија, било од кандидатите било од членовите на комисијата, се испракјат преку раководителот на училиштето до повереникот на просветниот отсек на надлежниот околиски, градски односно реонски народен одбор на решение, и това во срок од 15 дена по свршуенье на испитот.

Чл. 32

Овој Правилник влегуе во снага со денот на неговото објавуенье во „Службениот весник" на Народна Република Македонија.

Бр. 1060 15-IV-1947 год. Скопје.

МИНИСТЕР ЗА ПРОСВЕТА,
Н. Минчев, с. р.

151

Со цел да се спречи вештачко поскапуенье на цените на наутот, а во врска со Уредбата за регулирање внатрешниот промет со стоките издавам следна

НАРЕДБА
за промет со наут

1. — Наут — сиров или преработен можат да купуат и продават на територијата на Народна Република Македонија само оние лица кои се бават со преработуенье на истиот, како и државните и кооперативните претпријатија.

2. — Купуеньето на наутот — сиров или преработен од часни лица не споменати во т. 1 од ова Наредба со цел за препродавање се забрануе.

3. — Секое прекршение на оваа Наредба кје се наказуе по Законот за сузбијање на недопуштена трговија, недопуштена шпекулација и стопанска саботажа.

4. — Оваа Наредба стапуе на снага веднага.

Бр. 3259 1-IV-1947 год. Скопје

МИНИСТЕР
на трговијата и снабдуеньето,
Д. Бојановски с. р.

152

На основание чл. 2 Уредбата за ставање ван снага Уредбата за млекопреработуенье, а со цел за успешно спроведуенье Решението за млекопреработуенье на овчото и козјето млеко во Народна Република Македонија во 1947 год. Министерот на земјоделието и шумарството, во согласие со Министерот на трговијата и снабдуеньето на Народна Република Македонија, издава следна

НАРЕДБА

за задолжително предавање алатот и инвентарот на послуга на претпријатијата задолжени со млекопреработуеньето

1. — Се задолжават сите часни лица, часни, кооперативни и други претпријатија — притежатели на инвентар или алат за млекопреработуенье, истиот инвентар односно алат да го уступат на послуга на претпријатијата задолжени од надлежните околиски односно градски народни одбори со млекопреработуенье на овчото и козјето млеко во 1947 година.

Напред поменатите притежатели на инвентар односно алат можат истиот да го понудат и на откуп на претпријатијата задолжени со млекопреработуеньето.

2. — Устапаньето — на откуп или послуга ке стане комисијски од комисија формирана од надлежниот околиски односно градски народен одбор.

Во комисијата влегуват: 2 члена делегирани и назначени од надлежниот околиски, односно градски народен одбор и еден член делегиран од лицето односно претпријатието кое него врши устапање на инвентарот односно алатот.

3. — Комисијата е надлежна:

а) во случај да се врши устапање на откуп, да ги определи предметите за устапање и нивната стварна вредност;

б) во случај да се врши устапање на послуга да ги определи предметите за устапање и определи накнада за послуга.

Вредноста на накнадата по т. а) и б) ке се определуват преме средната стварна вредност на односниот инвентар односно алат во моментот на процената.

4. — Против одлуката на Комисијата незадоволната страна може да се жали до второстепената комисија при Министерството на земјоделието и шумарството на Н. Р.

Македонија. Одлуката на второстепената Комисија е конечна.

Жалбата се улага во срок од 3 дена од денот кога на незадоволната страна му е саопштена одлуката на комисијата.

Жалбата се улага преку надлежниот околиски односно градски народен одбор кои е формирал првостепената комисија.

Жалбата не го задржава предавањето на пописаниот инвентар односно алат на претпријатието задолжено со млекопреработуењето.

5. — До колку некои од притежателите на поменатиот инвентар односно алат не кје определи свои претставител во комисијата, месно надлежниот околиски односно градски народен одбор — по местото на живеењето на притежателот — ке определи едно лице како претставител на истиот и това во срок од 24 саати.

6. — Со оглед на хитноста на работата по оваја Наредба, се задолжуат околиските и градските народни одбори — секои на својата територија — веднага да превземат мерки ова Наредба да се спроведе во дело, како би се претпријатијата задолжени со млекопреработуењето на време снабделе со потребен инвентар односно алат.

Во таја цел именованите народни одбори ке ги поканат сите притежатели на поменатиот инвентар односно алат, во срок од 3 дена истиот инвентар односно алат да го деклярират пред надлежните околиски односно градски народни одбори.

7. — За секое укривање или непредавање на поменатиот инвентар односно алат, прекршителите на ова Наредба одговарат по Законот за сузбијање на недопуштена трговија, недопуштена шпекулација и стопанска саботажа.

8. — Ова Наредба стапува на снага веднага.

Бр. 7296 4 април 1947 год.

МИНИСТЕР
на земјоделието и шумарството,
**К. Симоски, с. р.**

Согласен сум
МИНИСТЕР
на трговијата и снабдуењето
**Д. Бојановски с. р.**

353

**Поради нужда од основни учители Министерот за просвета на Народна Република Македонија, на основание чл. 6 и 7 од Законот за Народната влада на Народна Република Македонија, го донесуе следното**

**РЕШЕНИЕ**

**за отварање на петен тримесечен курс за времени основни учители**

**Чл. 1**

Во Скопје и Битола ке се отвори летет тримесечен курс за времени основни учители.

Чл. 2

На курсот ке се примаат кандидати со свршен IV и V клас гимназија или I клас богословија или женска средня занатска школа. Наставниот материал ке треба да одговара на наставниот материал од I и II клас учителска школа.

Чл. 3

Кандидатите што ке го свршат успешно курсот добиваат право да бидат назначени за времени основни учители,

Чл. 4

Кандидатите што ке го свршат успешно курсот се задолжуат да останат како учители најмалку три години.

Чл. 5

Ова Решенье влегуе во сила од денот на објавуењето, во „Службен весник на НРМ".

Бр. 1049 14 IV 1947 год. Скопје.

МИНИСТЕР ЗА ПРОСВЕТА,
**Н. Минчев, с. р.**

354

**Поради потребата за учители во шиптарските и турските училишта, Министерот за просвета на Народна Република Македонија, на основание чл. 6 и 7 од Законот за Народната влада на Народна Република Македонија, го донесуе следното**

**РЕШЕНИЕ**

**за отварање на летни тримесечни курсеви за нови основни учители во шиптарските и турските училишта**

Чл. 1

Во Скопје ке се отворат летни тримесечни курсеви за основни учители во шиптарските и турските училишта.

Чл. 2

На курсот ке се примаат кандидати кои што свршиле најмалку II клас гимназија или соответен клас на други школи приравнети на гимназии или прогимназии.

Чл. 3

Оние кандидати што имаат свршено VI, VII и VIII клас гимназија или II, III и IV клас од некоја стручна школа добиваат право да бидат назначени за редовни основи учители, ако го успешно свршат курост.

Другите кандидати ако успешно го свршат курсот добиваат право да бидат назначени за времени основни учители.

Чл. 4

Кандидатите што ке го свршат успешно курсот се задолжуат да останат како учители најмалку три години.

Чл. 5

Ова Решение влегуе во сила до денот на објавуењето, во „Службен весник на НРМ".

Бр. 1050 14 IV 1947 год. Скопје.

МИНИСТЕР ЗА ПРОСВЕТА,
**Н. Минчев, с. р.**

155

**Поради потребата од основни учители Министерот за просвета на Народна Република Македонија, на основание чл. 6 и 7 од Законот за Народната влада на Народна Република Македонија, го донесуе следното**

**РЕШЕНИЕ**

**за отварање на тримесечен учителски курс за редовни основни учители**

Чл. 1

При учителските школи во Скопје, Битола и Штип ке се отворат летни тримесечни курсеви за основни учители.

Чл. 2

На курсот ке се примаат кандидати со свршен VI, VII и VIII клас гимназија или со свршен II, III и IV клас богословија или истите класови од средна женска занатска школа.

Чл. 3

Кандидатите што ке го свршат успешно курсот добиваат право да бидат назначени за редовни основни учители.

Чл. 4

Кандидатите што ке го свршат успешно курсот се задолжуат да останат како редовни учители најмалку три години.

Чл. 5

Ова Решение влегуе во сила до денот на објавуењето во „Службен весник на НРМ".

Бр. 1051 14 IV 1947 год. Скопје.

МИНИСТЕР ЗА ПРОСВЕТА,
Н. Минчев, с. р.

156

**Со цел да се стручно оспособат времените основни учители кои што во летата 1945 и 1946 год. го свршија вториот учителски курс во Скопје и Битола, Министерот за просвета на Народна Република Македонија, на основание чл. 6 и 7 од Законот за Народната влада на Народна Република Македонија, го донесуе следното**

**РЕШЕНИЕ**

**за отварање на учителски курс за оние времени основни учители кои имаат завршено втори курс во летата 1945 и 1946 година**

Чл. 1

При учителските школи во Скопје, Битола и Штип ке се отвори преку ова лето тримесечен курс за оние времени основни учители, кои што во летата 1945 и 1946 година, успешно го свршија вторниот учителски курс во Скопје и Битола, организиран од Министерството за просвета.

Наставниот материјал за овој курс треба да одговара на наставниот материјал од IV клас учителска школа.

Чл. 2

Оние учители кои што успешно ке го свршат овој курс добиваат право да бидат назначени за редовни основни учители.

Чл. 3

Сите времени учители споменати во чл. 1 должни се да се јават на овој курс.

Исклучение може да се направи само по многу важни причини и тоа со одобрението на Министерството за просвета.

Чл. 4

Кандидатите што ке го свршат успешно курсот се задолжуат да останат редовни како учители најмалку три години.

Чл. 5

Ова Решение влегуе во сила до денот на објавуењето во „Службен весник на НРМ".

Бр. 1052 14 IV 1947 год. Скопје

МИНИСТЕР ЗА ПРОСВЕТА,
Н. Минчев, с. р.

157

**Со цел да се стручно оспособат времените учители од шиптарските и турските училишта, кои што во летата 1945 и 1946 година го свршија вториот и третиот учителски курс, Министерот за просвета на Народна Република Македонија, на основание чл. 6 и 7 од Законот за Народната влада на Народна Република Македонија го донесуе следното**

**РЕШЕНИЕ**

**за отварање на учителски курс за оние времени шиптарски и турски основни учители кои што имаат свршено курсеви во 1945 и 1946 година**

Чл. 1

Во Скопје ке се отвори летен тримесечен курс за шиптарските и турските времени учители, кои што во летото 1945 и 1946 година го свршија вториот и третиот учителски курс во Скопје, организиран од Министерството за просвета.

Чл. 2

Наставниот материјал за курсот на учителите што го свршиле вториот курс ке треба да одговара на наставниот материјал од IV клас учителска школа, а за оние што го свршиле третиот курс ке треба да одговара на наставниот материјал за III клас.

Чл. 3

Учителите од вториот курс кои што успешно ке го свршат овој курс добиваат право да бидат назначени за редовни учители во основните шиптарски или турски училишта.

Чл. 4

Учителите од третиот курс ако го свршат овој курс, ке бидат пак назначени за времени учители.

Чл. 5

Сите учители од вториот и третиот курс се должни да се јават на овој курс.

Исклучение ке може да се направи само по многу важни причини и тоа со одобрение на Министерството за просвета.

Чл. 6

Кандидатите кои што успешно ке го свршат курсот се задолжуат да останат како учители најмалку 3 години.

Чл. 7

Ова Решение влегуе во сила до денот на објавуењето во „Службен весник на НРМ".

Бр. 1053 14 IV 1947 год. Скопје.

МИНИСТЕР ЗА ПРОСВЕТА,
Н. Минчев, с. р.

358

Поради нужда од основни учители Министерот за просвета на Народна Република Македонија, на основание чл. 6 и 7 од Законот за Народната влада на Народна Република Македонија, го донесуе следното

**РЕШЕНИЕ**

**за отворање на шестомесечен курс за основни учители од Пиринска Македонија**

Чл. 1

Во Скопје ке се отвори шестомесечен курс за основни учители од Пиринска Македонија.

Чл. 2

На курсот ке се примаат кандидати со свршен IV, V, VI и VII клас гимназија.

Чл. 3

Оние кандидати што имаат свршено VI и VII клас гимназија ке бидат назначени за редовни основни учители, ако го успешно свршат курсот.

Другите кандидати ако успешно го свршат курсот ке бидат назначени за времени основни учители.

Чл. 4

Кандидатите кои што успешно ке го свршат курсот ке задолжуат да останат како учители најмалку три години.

Чл. 5

Ова Решение влегуе во сила до денот на објавуењето во „Службен весник на НРМ".

Бр. 1664 14 IV 1947 год. Скопје.

МИНИСТЕР ЗА ПРОСВЕТА,
Н. Минчев, с. р.

359

Врз основа на член 2 Уредбата за платите на работниците и учениците во градежните струки (Службен весник бр. 28 од 4 IV 1947 год.) Министерот на трудот на НРМ во согласие со Министерот на градежите на НРМ пропишуе следното:

**НАПАТСТВИЕ**

За распоредуење на градежните работници во групи према врстата на работата и спремата.

Према врстата на работата и спремата градежните работници се разврстуат во 12 групи.

I. — Група

Носачи на вода за лиење на градилиштата, чистачи на просториите во зградите.

II. — Група

Чистачи на прозорите во зградите, додавачи на керамиди на кровопокривачите.

III. — Група

Набијачи на насипи со рачно набијање, рачни кршачи на камен. Утоваруачи и истоваруачи на разен градежен материјал во транспортни средства, со изузеток на цемент, бетонско железо, песок, шодер и вар, носачи на лесен градежен материјал трска, шумалит, цигли, керамиди, кровна хартија и др., молерски помошни работници, работници за сеење на шут, песок и шодер.

IV. — Група

Утоваруачи и истоваруачи во транспортни средства: песок, шодер, цемент, бетонско железо и вар; носачи на градежен материјал со теагере, корито, рачна количе и вагонет: као малтер, цигли, песок, шодер, цреп и други градежни тешки материјали, работници кои рачно мешаат бетон, помошници при копање на бунар.

V. — Група

Распостелуачи и набијачи на армиран бетон, малтерџии, мешачи на специјален градежен материјал, гипс, тера нова, вештачки камен и сл., составуачи на асфалтна маса, скелари на прости скели до 5 метра височина во нормални спратови, помошници на минери на открити обекти, помошници на припремање арматури, копачи на постељици за патишта и планирачи; распостелуачи на туцаник.

VI. Група

Приучени молери со свршен краток курс кои работат следните работи: на прво варосуење, стругање, чистење и спремање на ѕидовите за бојадисуење, приучени бојаџии со свршен краток курс кои работат на сливнуење на бојата: шлајфовање, грундирање на ѕидовите со фирнајз и слично; помошници фогина, работници на разни врсти штелуења; приучени ѕидари и дрводелци без доволна пракса; полагачи и подбијачи на колосеци, орбаботуачи на камен со чекич, со штица (грубо).

VII. — Група

Работници за штокуење на природен и вештачки камен, приковуачи на трска, приучени рабицери и други приучени непосредни помошници на квалификовани работници доколку работат на една квалификована работа; приучени стаклоресци, помошни работници при ѕидање со камен и помшни работници при лиење на бетон во калапи.

VIII. — Група

Шлајфери (гладачи) на скали од вештачки камен, тераса и вештачки мермер; изработуачи на ситна камена коцка за патишта; полагачи на сите врсти цеви со заливање ѕидари, дрводелци, гипсари и фасадери со помалка пракса кои не се наполно самостални и ја познаваат работата, работниците на лиење бетон во калапи, тунелски шлепери и работници на кавање след минирање.

IX. — Група

Ѕидари, дрводелци, фасадери, гипсари, молери и бојаџии со средна пракса кои ја познаваат работата; самостални савијачи и монтери на железна арматура, минери за рачно бушење по напатствие; работници на одвалуење поголеми блокои на камен и стени; минери на отворени простории, калдрмаџии, кровопокривачи, изработуачи на ксилолит и бунарџии.

X. — Група

Ѕидари, дрводелци, керамичари, печкари, молери, бојаџии каменоресци, тераџери, стаклоресци, фасадери, гипсари, и гладачи на вештачки мермер (самостални), тунелски минери, самостални фогини, асфалтери, дрводелци и скелари на поглеми компликовани скела и кровни конструкци од

поглем распон и мостовни древени конструкции и скали; тунелски зидари, минери за механичко бушење, зидари ливци на бетон во калапи (самостални).

XI. — Група

Зидари основачи (аплегри), гравери на стакло, гравери кемењаци, индустриски печки, компликовани фасадни зидови и сл. молери и бојаџии за цртања на узорци (мустри) со слободна рака; специјални терацери моделари и составувачи на бојадисани мустри од градежните струки и сите специјализирани работници кои обавуат нарочно компликовани технички работи, као на пример сите работи кои се вршат под вода.

XII. — Група

Нарочно специјализирани работници кои изводат уметнички работи во градежното дело.

Минстер на трудот на НР Македонија
К. Петрушев, с. р.

## ИСПРАВКИ НА РЕДАКЦИЈАТА

Во „Службен весник на НРМ" бр. 9 од 28 III 1947 год. има слелни печатни грешки: во Уредбата за начинот на основуење на кооперациите, нивните правила и уписот во кооперативниот регистар:

1) Во чл. 4 ст. 3 ред 2 каде стои „образуат" треба да стои „објавуат".

2) Во чл. 4 ст. 3 последниот ред на место: „тоа колку реши собранието да избери", треба да стои: „свои делегати на собранието".

3) Во чл. 5 пропуштен е став 3 кој гласи: „До изборот на преседателств то, заседаниито на собранието го отвара и со истото раководи еден од свикуачите на собранието".

4) Во чл. 26 ст. 1 ред 8 каде стои „отворени" треба да

Во Указот за поставуење член на Владата на НРМ' како Минстер на комуналните работи, напечатен во „Службен весник на Народна Република Македонија" бр. 16 со грешката на редакцијата се поткрала следнатта грешка:

Каде што пишуе: „По предлог на Претседателството на Владата на Нар дна Република Македонија..." треба да стои: „По предлог на Претседателот на Владата на НРМ .." —

Се молат сите претплатници, да ги извршат овие исправки во бр. 9 и 16 од „Службен весник на НРМ".

Од Редакцијата на „Службен весник на НРМ".
19 април 1947 год.

## СОДРЖАЈ:


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 144 | — УКАЗ за прогласуење на Финансовиот закон за Државниот буџет на Народна Република Македонија за буџетската 1947 год, изгласан од Народното собрание на НР Македонија на 11 април 1947 година. | 165 |
| 145 | — УКАЗ за прогласуење на Законот за одобрение свршените сметки на приходите и расходите по буџетите за буџетските периоди Јануари—март и април—јуни 1945 год. и Републиканскиот буџет за период јули—декемзри 1945 год, изгласен од Народното собрание на НР Македонија на 11 април 1947 год. | 169 |
| 146 | — ПРЕГЛЕД на расходите и приходите во Државниот буџет на Народна Република Македонија | 171 |
| 147 | — ПРЕГЛЕД на расходите и приходите по рекубликанскиот буџет на Народна Република Македонија за 1947 година. | 172 |
| 148 | — ПРАВИЛНИК за работа на Народното собрание на Народна Република Македонија | 174 |
| 149 | — УРЕДБА з бројот и начинот за избор на делегирани одборници од околиските и градските народни одбори за избор на претседатели, судии и судии поротници на окружните судови. | 179 |
| 150 | — ПРАВИЛНИК за полагање приватни испити во оонсвните и вишите основни училишта. | 180 |
| 151 | — НАРЕДБА со пр мет со наут. | 182 |
| 152 | — НАРЕДБА за задолжително предавање алатот и инвентарот на послуга на претпријатијата задолжени со млекопреработуењето. | 182 |
| 153 | — РЕШЕНИЕ за отварање на летен тромесечен курс за времени основнин учители. | 183 |
| 154 | — РЕШЕНИЕ за отварање на летни тромесечен курс за нови основни учители во шиптарските и турски училишта. | 183 |
| 155 | — РЕШЕНИЕ за отварање на тримесечен учителски курс за редовни основни учители. | 184 |
| 156 | — РЕШЕНИЕ аз отварање на учителски курс за оние времени основни учители кои имаат завршено втори курс за летата 1945 и 1946 год. | 184 |
| 157 | — РЕШЕНИЕ за отварање на учителски курс за оние времени шиптарски и турски основни учители кои што имаат свршено курсеви во 1945 и 1946 година. | 184 |
| 158 | — РЕШЕНИЕ за отварање на шестмесечен курс за основни учители од Пиринска Македонија | 185 |
| 159 | — НАПАТСТВИЕ за расподелуење на градежните работници во групи према врстата на работата и спремата. | 185 |


Издава Редакција на „Службен весник на Народна Република Македонија". — Редакција и администрација улица Маршал Тито број 10. — Тел. 696. — Печатница „Гоце Делчев" — Скопје.